Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, нè поучуваше на истихара во сите работи – исто како што нè поучуваше на некоја сура од Куранот

Џабир бин Абдулах, Аллах нека е задоволен со него и со неговиот татко, раскажува: Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, нè поучуваше на истихара во сите работи – исто како што нè поучуваше на некоја сура од Куранот. Тој велеше: „Кога некој од вас се двоуми за некоја работа, нека клања два реката доброволен намаз, па потоа нека се помоли: Аллаху, дај ми да изберам преку Твоето знаење и овозможи ми го истото со Твојата моќ. Барам од Твојата неизмерна добрина, Ти си моќен а јас сум немоќен, Ти знаеш а јас не знам. Аллаху, доколку оваа работа (ја именува) е добра за мојата вера, живот и неговиот завршеток, близок или подалечен, овозможи ми ја, олесни ми ја и дај ми бериќет во неа. Аллаху, доколку оваа работа (ја именува) е лоша за мојата вера, живот и неговиот завршеток, близок или далечен, оддалечи ме од неа и неа оддалечи ја од мене и одреди го за мене тоа што е подобро каде и да е, и дај ми да бидам задоволен со истата. Потоа рече: „И ќе ја спомне својата потреба.“

[رواه البخاري] [صحيح]

Кога муслиманот ќе се најде пред некоја работа за која не знае како да постапи, дали е исправна или не, пропишано му е да клања истихара, бидејќи Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, ги поучувал своите асхаби на овој намаз исто како што ги поучувал на некоја сура од Куранот. Нека клања два реката, кои не се од задолжителниот намаз, а потоа нека се помоли изговарајќи: „Аллаху, дај ми да изберам“ – барајќи успех во она што е подобро од двете работи. „преку Твоето знаење“ – кое е совршено и сеопфатно. „И овозможи ми го истото“ – да бидам способен да го остварам тоа, бидејќи немам сила и моќ освен Тебе. „Со Твојата моќ“ – која е апсолутна и ништо не Ти е тешко. „барам од Твојата неизмерна добрина“ – од Твојата голема милост и дарежливост. „неизмерна“ – бидејќи Твојот дар е чиста добрина од Тебе, а никој нема право кај Тебе за да заслужи некоја благодат. „Ти си моќен“ – над сè, а јас сум слаб и немоќен, „а јас сум немоќен“ – освен со Твоја помош. „Ти знаеш“ – со Твоето сеопфатно знаење што го опфаќа и видливото и скриеното, и доброто и злото. „А јас не знам“ – ништо, освен со Твоето упатство и помош. „Ти ги знаеш тајните“ – Тебе Ти припаѓа апсолутното знаење и совршената моќ, а никој освен Тебе не ги поседува тие особини – освен оној кому Ти ќе му ги доделиш. Потоа муслиманот му се обраќа на својот Господар со дова, по име спомнувајќи ја својата потреба, велејќи: „Аллаху“ – ја препуштам оваа работа на Тебе. „доколку оваа работа“ – според Твоето совршено знаење (а потоа ја именува својата потреба, како на пример: купување на оваа куќа, или овој автомобил, или стапување во брак, или нешто слично...) ... доколку, според Твоето знаење, оваа работа: „е добра за мојата вера“ –

која е моја заштита, „живот“ – односно во моите животни околности, „и неговиот завршеток“ – односно во исходот од работите, или ако рече: „близок или подалечен“ – односно на дуњалукот и на Ахиретот, „овозможи ми ја“ – направи да се оствари, „олесни ми ја и дај ми бериќет во неа“ – направи да ми донесе многу добро. А ако Ти знаеш, о Аллаху, „,дека оваа работа“ – за која барам истихара, „е лоша за мојата вера, живот и неговиот завршеток, близок или далечен“ – тогаш оддалечи ја од мене, и мене оддалечи ме од неа. И одреди го за мене доброто, каде и да се наоѓа, и направи да бидам задоволен со тоа.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/3293